# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2020

**АВГУСТ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **13**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 3 работни односи | 0 образование | 0 социјална сигурност |
| 0 здравство | 1 пристап до добра и услуги | 0 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 9 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **11**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 10 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 1 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **0**

Активности на здрж. на граѓани **2**

## Карактеристики на жртвата:

| 7.69% | 0% | 15.38% | 7.69% | 15.38% | 0% | 53.84% | 23.07% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| род | родов идентитет | пол | сексуална ориентација | етничка припадност | попреченост | корисници на droги | друго |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 3 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 6 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 7 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ЗА АВГУСТ 2020

СЛУЧАЈ:

Во текот на месец февруари, Хелсиншкиот комитет регистрираше случај пријавен од студент кој бил дискриминиран од страна на контролори во јавниот превоз во Скопје, врз основа на неговата етничка припадност и боја на кожа.[1] За овој случај, истиот месец, Хелсиншкиот комитет поднесе претставка до Народниот правобранител.

Народниот правобранител веднаш доставил соодветно Барање за информации до управата на јавното сообраќајно претпријатие, притоа укажувајќи дека ова не е прв случај каде што контролори на претпријатието вршеле дискриминаторски дејствија кон граѓаните. Народниот правобранител, повикувајќи се на домашните и меѓународните стандарди за забрана на дискриминацијата, му посочил на јавното претпријатие за постоење директна дискриминација врз основа на расно потекло и етничка припадност, поради селективниот пристап на контролорите кон студентот. Притоа, побарал внатрешните органи да го испитаат случајот и да утврдат одговорност кај сторителите на дискриминаторските дејствија.

Јавното сообраќајно претпријатие Скопје со краток одговор од 25 август 2020 година го известил Народниот правобранител дека против контролорите е спроведена дисциплинска постапка и се донесени поединечни одлуки за дисциплинска неуредност – ним им била изречена парична казна во висина од 20% од едномесечниот износ на нето плата.

Народниот правобранител забележал дека и покрај тоа што од страна на надлежните служби што ја воделе дисциплинската постапка било утврдено несовесно, насилно и непрофесионално однесување на контролорите, не била препознаена суштината на повредата, односно, сторената повеќекратна дискриминација врз основа на расно потекло и етничка припадност. Имено, Народниот правобранител сметал дека казните за сторени повреди на принципот за заштита од дискриминација, треба да бидат одвратувачки и едукативни, па оттука и неговото мислење дека покрај парична казна, сторителите треба да посетуваат дополнителни обуки за препознавање и спречување дискриминација.

[1] За подетален опис на случајот види во Информаторот за дискриминација за февруари, 2020 година).

СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Р. Р. и Р. Д. против Словачка[2] Европскиот суд за човекови права утврди суштествена повреда на член 3 (забрана за мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување), процедурална повреда на член 3 (неефективна истрага) и повреда на член 14 (забрана за дискриминација), како и на член 14 во врска со процедурална повреда на членот 3 од Европската конвенција за човекови права. Судот утврдил дека спроведената истрага од домашните власти била несоодветна и неефикасна за да се утврди дали насилното постапување на полициските службеници врз жалителите било расно мотивирано.

Имено, станува збор за двајца словачки жалители – припадници на ромската заедница кои тврделе дека биле жртви на насилство од полициски службеници и на дискриминација врз основа на етничка припадност. Жалителите биле лишени од слобода, извлечени од нивните домови и тепани од полициските службеници. Тие поднеле пријави за ваквото полициско постапување, кое верувале дека е мотивирано од расистички предрасуди, но надлежните власти ги одбиле како неосновани. Жалителите поднеле и тужба до Уставниот суд, каде што навеле дека во постапката по нивните пријави биле повредени принципите на ефективност и независност, а било повредено и нивното право на судење во разумен рок. Уставниот суд ги отфрлил нивните тврдења како недозволени.

ЕСЧП во својата пресуда уште еднаш потенцира дека државите имаат обврска да ги преземат сите неопходни мерки за да го разоткријат расниот мотив кој можеби имал значајно влијание во постапувањето на полициските службеници. Судот укажува дека несоодветното санкционирање на насилството предизвикано од расистички предрасуди е особено штетно за основните човекови права, а пропустот да се обрне внимание на овој елемент претставува повреда на членот 14 од ЕКЧП. Судот посочува дека државите имаат обврска да ги испитаат сите елементи на стореното насилство од расистички аспект, преку преземање на сите дејствија за собирање и обезбедување докази врз чија основа подоцна ќе се носат непристрасни и објективни одлуки.

[3] R.R. AND R.D. v. Slovakia (Application no. 20649/18)

https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22article%22:[%2214%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22violation%22:[%2214%22],%22itemid%22:[%22001-204154%22]} .

РЕСУРСИ:

1. ОБСЕ „Меѓународни и регионални правни инструменти поврзани со родовата еднаквост во областа на безбедноста и правосудството" –

https://www.osce.org/files/f/documents/f/7/461926.pdf

2. Еквинет „Сексуални и репродуктивни права: неимплементирани и пред кризата – суспендирани за време на пандемијата" –

https://equineteurope.org/2020/lets-talk-about-sexual-and-reproductive-health-and-rights/

3. Еквинет „Зборник на случаи врз основа на член 14 пред Европскиот суд за човекови права" –

https://equineteurope.org/2020/equinet-at-work-the-compendium-article-14-cases/

4. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Ненавремената реакција на полицијата може да резултира со фемицид" –

https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/11-09-2020-nenavremenata-reaktsija-na-politsijata-mozhe-da-rezultira-so-femitsid/

5. Националната мрежа за борба против хомофобијата и трансфобијата „Нема место за хомофобија во левицата" –

https://mhc.org.mk/news/nema-mesto-za-homofobija-vo-levicata/

6. Мрежа за заштита од дискриминација „Повеќе работа за помалку пари: како да се намали родовиот јаз во платите во Република Северна Македонија?" –

https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/pove%d1%9ce-rabota-za-pomalku-pari-kako-da-se-namali-rodoviot-%d1%98az-vo-platite-vo-republika-severna-makedoni%d1%98a/

7. Хелсиншки комитет за човекови права „Остварување на правата преку бесплатна правна помош - Прирачник за лица со попреченост и нивните семејства" –

https://mhc.org.mk/news/ostvaruva%d1%9ae-na-pravata-preku-besplatna-pravna-pomosh/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**